# УПАТСТВО
## за постапката и потребните документи за доделување на неповратни средства од Посебниот фонд по основ вработување на невработено инвалидно лице на неопределено време

Право да поднесе барање по овој основ има секое инвалидно лице кое самостојно врши дејност како трговец поединец, заштитно друштво и друго правно лице кое вработило невработено инвалидно лице од член 2 став 1 од Законот.

Барањето за доделување на неповратни средства се поднесува до Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија преку центарот за вработување на чие подрачје е седиштето на работодавачот.

Фотокопија од барањето заверена од центарот за вработување се поднесува и до Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ - Скопје.

Работодавачот го пополнува барањето и во прилог на барањето ги доставува следните документи:

**-пријава-известување** до Државниот инспекторат за труд за отпочнување на вршење на дејност или решение за вршење на дејност како доказ дека работните и помошните простории и опремата ги исполнуваат минимално-техничките услови и пропишаните мерки, нормативи и стандарди за вршење на соодветна дејност;

**-бонитет** издаден од Централниот регистар на Република Македонија (Информација за економско финансиската состојба на субјектот);

**-доказ** дека против работадавачот не е покрената постапка за стечај (со важност до 6 месеци);

**-потврда** од Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ - Скопје дека фирмата работи како заштитно друштво издадена за месецот пред поднесувањето на барањето или потврда дека инвалидното лице самостојно врши дејност како трговец поединец, односно дека работодавачот вработува инвалидно лице;

**-Декларација за прием - Образец МПИН - Месечна пресметка за интегрирана наплата** за последниот месец пред поднесувањето на барањето;

**-изводи од банка** за последните 9 месеци пред поднесувањето на барањето со денот на исплатата на платата;

**-список на инвалидните лица** за чие вработување се бара доделување на неповратни средства, со презиме, име и единствен матичен број на граѓанинот;

**-документ** за утврдена инвалидност согласно член 2 став 1 од Законот издаден од надлежен орган;

-**документ за завршено** образование или работна оспособеност;

**-Наод и мислење** од Комисијата при Министерството за труд и социјална политика за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место.

**УКАЖУВАЊЕ:**

1. Адресата на која работодавачот ја врши дејноста треба да се совпаѓа со адресата во пријавата-известувањето до Државниот инспекторат за труд за отпочнување на вршење на дејност или веќе издаденото решение за вршење на дејност.

2. Ако се бара доделување на средства за слепо лице со оштетеност на видот од 90 до 100%, односно телесно инвалидно лице на кое заради движење му е потребна инвалидска количка, во барањето во точка 2 треба да се заокружи редниот број пред името на ваквото инвалидно лице.

3. Издадената Потврда од Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ - Скопје дека инвалидното лице самостојно врши дејност како трговец поединец, односно дека работодавачот вработува инвалидно лице важи се додека трае работниот однос на инвалидното лице. Од овие причини, при поднесувањето на барањето не треба да се вади нова потврда.